**20242033485**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 став (1) од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 октомври 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата.

Мерките и активностите согласно утврдената кризна состојба ќе се преземаат на подрачјето од став 1 на овој член, кое е зафатено со кризната состојба и каде се манифестираат причините наведени во став 1 на овој член.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука се активира Главниот штаб при Центарот за управување со кризи кој ќе биде во постојано заседавање.

Главниот штаб при Центарот за управување со кризи во рок од 24 часа од влегувањето во сила на оваа одлука да изготви акциски план, за превенција и справување со кризната состојба, со кој ќе се опфатат мерките и активностите за поддршка од полицијата кон затворската полиција, поддршка од Армијата на Република Северна Македонија кон полицијата и логистичките мерки за поддршка од Министерството за здравство (медицински тимови), Министерството за социјална политика, демографија и млади (тимови за психо-социјална поддршка) и други органи на државната управа кон Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово.

Член 3

Органите на државната управа да превземат мерки и активности согласно прописите за управување со кризи.

Член 4

Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата на Република Северна Македонија.

Член 5

Постоењето на кризната состојба утврдена во оваа одлука ќе трае 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9451/4
1 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.